**2017014167**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 128 став 1 алинеја 13 од Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 114/06, 6/09, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16 и 120/16), министерот за внатрешни работи донесе

# УПАТСТВО ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА УПАТСТВОТО ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ НА ГЕНЕРАЛЕН И СТРУЧЕН НАДЗОР ВО ПОЛИЦИЈАТА

Член 1

Во Упатството за начинот на вршење на генерален и стручен надзор во Полицијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/07), во член 2 во ставот 1 зборовите: „Централните полициски служби“ се заменуваат со зборовите: „организациските единици во состав на Бирото за јавна безбедност“.

Член 2

Во член 3 ставот 1 се менува и гласи:

„Стручен надзор е надзор кој се врши од страна на надлежните организациски единици во Бирото за јавна безбедност, на сите организациски единици во Бирото за јавна безбедност, Регионалните центри за гранични работи и Секторите за внатрешни работи.“.

Член 3

Во целиот текст на Упатството зборовите: „организациони“ односно „организационите“ се заменуваат со зборовите: „организациски“ односно „организациските“.

Член 4

Ова Упатство влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 13.1.1-6710/1
2 февруари 2017 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
д-р **Агим Нухиу**, с.р.